УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК



ГОДИНА 3 БРОЈ 3

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

ISSN 1857-8659

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2012

**ГОДИНА 3** **БРОЈ 3**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

**За издавачот:**
проф. д-р Илчо Јованов

**Издавачки совет:**
проф. д-р Саша Митрев
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Редакциски одбор:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Главен уредник:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска

**Одговорни уредници:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски

**Јазично уредување:**
Даница Гавриловска-Атанасовска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

---

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип
Факултет за музичка уметност
бул „Крсте Мисирков” 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

Vol 3, No 3 (2012): ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2012 **ISSN 1857- 8659**

# Table of Contents

## Articles

**С О Д Р Ж И Н А**

78: 316.7 78:7.05
**Проф. д-р Стефанија Лешкова - Зеленковска**
Предизвиците на глобалната музичка култура во 21 век ................................................5-14

781.63:78.071.1
**Проф . м-р Валентина Велковска Трајановска**
Рихард Штраус – аспекти на оркестарскиот јазик
и симфониската поема „Дон Кихот“ ...........................................................................15-24

781.63:78.071.1
**Доц. м-р. Гоце Гавриловски**
Оркестрациска и темброва идеја и нивната звучна материјализација
во „Болеро“ од Морис Равел ........................................................................................25-34

781..42/.42:78.083.3[:78.071.1
**Доц. м-р Тихомир Јовиќ**
Полифонијата во композицијата „Fantasia Corale“ од
Томислав Зографски (1934- 2000) ...............................................................................35-41

781.11:[784.5:78.071.1
**м-р Ивана Јанков**
Акордската структура застапена во вокалната кантата„Псалми“ од Стојан Стојков ..43-52

78.071.1:791(497.7)
**Доц. м-р Александар Трајковски**
Уделот на домашните композитори во создавањето на музиката за
македонските играни филмови ...................................................................................53-63

781.68:780.616.433
**Доц. м-р Ангеле Михајловски**
Значењето од примената на прстната гимнастика во решавањето на
техничките проблеми при пијанистичката интерпретација ..........................................65-69

78:37.02: 159.947
**Доц. д-р Владимир Талевски**
Значењето на мотивацијата во музичко воспитно- образовниот процес .......................71-79

78:376-056.45:[173.7:37.011.3-051
**м-р Ленче Насев**
Улогата на семејството, наставникот по музичко образование и учебникот во
откривање и поттикнување на музички талентирани ученици .......................................81-86

78:37:004.946
**м-р Дуња Иванова**
Децата и музиката во виртуелната реалност ................................................................87-94

78:373.3:159.9.072
**м-р Теута Халими**
Примена на Гордон тестот за испитување на музичките способности на учениците
во прво одделение (албански наставен јазик) на основните училишта во Тетово .......95-105

780.6:398.8(497.7)
**Доц.м-р Горанчо Ангелов**
Музичките инструменти во македонските народни песни ..........................................107-129

781.7(497.7)
**Проф.д-р Илчо Јованов**
Основни карактеристики на музичкиот фолклор во Република Македонија............131-134

78.071.1:792.8:[061.1:793.3
**Доц. м-р Владимир Јаневски**
Кореографското творештво на Трајко Прокопиев во ансамблот „Танец .................135-139

793.3:37(497.731)(091)
**Доц. д-р Соња Здравковска- Џепаровска**
Балетската едукација во Штип .......................................................................................141-147

781.1:[784.4:392(497.7)
**Проф. д-р Родна Величковска**
Ороводните песни и нивната и нивната територијална дистрибуција во
македонското традиционално обредно пејачко изразување ........................................149-154

398.332.16:793.31(497.7)
**Проф. д-р Оливера Васиќ**
Русалиски поворки – сличности и разлики со други поворки ....................................155-159

392.5:784.4(497.735)
**м-р Тимко Чичаковски**
Свадбениот циклус во Малешево .................................................................................161-168

793.3:793.31(497.7)
**Благица Илиќ**
Релевантни етнокореолошки карактеристики на орото Ибраим Оџа-
претпоставка за следење на регионалната идентификација .......................................169-179

793.31(497.761)
**Марјан Андоновски**
Стилски карактеристики на орото кај Мијаците ........................................................181-188

793.31(497.732)(091)
**Стојанче Костов**
Историски аспекти на орската традиција во Овче Поле .............................................189-195

793.31:792.8(497.734)
**Сашко Атанасов**
Методски аспекти на ората во Пијанец ........................................................................197-218

793.31(497.7)(091)
**Фросина Мариновска**
Орската традиција во селото Врбјани –Прилепско поле ............................................219-226

793.31(497.712)
**Елена Трајчева**
Поводи и места за играње во етничкиот предел Скопска Црна Гора .........................227-233

78.071.1:791(497.7)

М-р Александар **ТРАЈКОВСКИ**

# УДЕЛОТ НА ДОМАШНИТЕ КОМПОЗИТОРИ ВО СОЗДАВАЊЕТО НА МУЗИКА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ИГРАНИ ФИЛМОВИ

***Вовед***

Во текот на шестдецениskиот период, почнувајќи од 1952 година, кога е снимен првиот македонски игран филм „Фросина“, па се до денес, во Р. Македонија се снимени 70 играни филма. Паралелно со нивниот развој, се развива и новата форма на уметничко-креативно изразување, која заедно со останатите авторски креации како режија, сценарио, монтажа итн. претставува дел од сложената целина на филмската уметност - филмска музика. Во создавањето на музиката за филмот пак, учествуваат голем број на композиторски имиња, кои забележуваат позитивен одглас во стручната, но и пошироката јавност. Согласно филмските политики, дел од нив се домашни композитори, претставници на македонската композиторска школа, а дел се странски, од поранешните југословенски простори и пошироко.

Фокусот на текстот што следува, е насочен конкретно на творечкиот удел на домашните композитори во создавањето на музиката за македонскиот игран филм, при што, систематизирани по декади, ќе бидат прикажани играните филмови и композиторите кои ја создавале музиката за нив. На тој начин, ќе може прецизно да се прикаже развојниот пат на нивното делување и постепеното вклучување во новиот жанр и јасно да се воочи пресвртот кој настанува со текот на годините, а кој од минималната застапеност во почетокот, во подоцнежниот период доведува до силна доминација на македонските, во однос на странските композитори.

Тргнувајќи од фактот дека и покрај значителниот број на филмски остварувања, во Р. Македонија постојат многу малку трудови кои се занимаваат со третирањето на филмската музика од научен аспект, се наметнува потребата од актуелизирање на оваа проблематика, со што ќе се дадат основи за збогатување на македонската музичка наука, истовремено доближувајќи се и до светските научни трендови.

## 1. Музика за играни филмови снимени 50-тите години

**50-те години** од минатиот век, претставуваат основа во развојот на македонската кинематографија. Во 1952 година, како што веќе кажавме, е снимен првиот македонски игран филм, „Фросина“, а по него, во таа декада се снимени уште шест, во различни жанрови (социјален, воен, историски, криминалистички и психолошки).

Музиката во филмовите им е доверена на докажани композиторски имиња, од кои само еден е македонец - Трајко Прокопиев (1909 - 1979), кој, ја напишал музиката за првите два филма (во „Фросина“ конструира оригинални музички фрагменти со фолклорен призвук, додека во „Волча ноќ“, целосно се доближува до естетските црти на западно-европскиот романтизам).Останатите композитори се од поранешните југословенски простори и пошироко како Иво Тијардовиќ, Иван Рупник, Бојан Адамич, Карло Рустичели.

**Табела бр. 1**

| **Филм** | **Год.** | **Режисер** | **Композитор** |
|---|---|---|---|
| „Фросина“ | 1952 | В.948Нановиќ | Т. Прокопиев |
| „Волча ноќ“ | 1955 | Ф. Штиглиц | Т. Прокопиев |
| „Малиот човек“ | 1957 | Ж. Чукулиќ | И. Тијардовиќ |
| „Мис Стон“ | 1958 | Ж. Митровиќ | И. Рупник |
| „Виза за злото“ | 1959 | Ф. Штиглиц | Б. Адамич |
| „Дубровски“ | 1959 | Ф. Драгомир; И. Џувалековски | К. Рустичели |
| „Три Ани“ | 1959 | Б. Бауер | Б. Адамич |

Во оваа, прва декада од почетокот на развојот на македонскиот игран филм, во споредба со декадите што следуваат, застапеноста на домашните композитори е најмала. Во тој период, активни се осум македонски композитори (претставниците на првата и втората генерација македонски повоени композитори), но и покрај тоа, во пишувањето музика за игран филм, се обидел единствено Прокопиев. Причините за тоа, можеме да ги бараме во претпоставките дека станува збор за период на почетоците на играниот филм во Македонија, а согласно тоа и за неискуството на македонските композитори во тој жанр, но исто така, и во изборот на режисерите, имајќи предвид дека сите, освен еден („Дубровски“, каде корежисер е И. Џувалековски), се режирани од странски композитори, кои предноста им ја давале на композитори кои веќе биле докажани и на тоа поле.

Според тоа, процентуалната изразеност на учеството на домашните композитори во реализацијата на филмовите, во однос на странските е 14,2%, додека пак, процентуалната изразеност на филмовите за кои музиката ја напишал македонски композитор во однос на другите е 28,6%, што се должи на фактот дека Т. Прокопиев е автор на музиката за два играни филма („Фросина“ и „Волча ноќ“).

Во тој контекст, треба да се констатира и фактот дека, како што веќе кажавме, сите филмови од тој период се режирани од странски режисери,

што само ја поткрепува тезата дека се работи за период во кој генерално, немајќи доволно искуство, македонските уметници се уште не биле целосно вклучени во создавањето на делата од филмската уметност.

2. **Музика за играни филмови снимени во 60-тите години**

**60-те години** од минатиот век, бележат скоро двојно поголем број на филмски остварувања отколку во претходната декада. Снимени се вкупно 12 филмови, од кои според жанровската определба најзастапени се историските (4) и воените (3). Два филма се со т.н. слободна тема, додека социјалниот, психолошкиот и комичниот жанр се застапени во по еден филм.

Голем чекор понапред, претставува фактот дека дури 9 филма, односно 75% од вкупниот број, се потпишани од македонски режисери, кои всушност, претставуваат и нивни пионерски остварувања во филмската уметност.

Во поглед на учеството на домашните композитори, може да се констатира нивно зголемено присуство во однос на претходната декада. За осум, од вкупно дванаесетте филма, музиката ја напишале македонски композитори, претставници на втората и третата генерација македонски повоени композитори - Томислав Зографски (1934 - 2000), Тома Прошев (1934 - 1996) и Кирил Македонски (1925 - 1984), што изнесува 66,7%, наспроти четири филма (или 33,3%), за кои се ангажирани композитори од републиките на поранешна Југославија: Драгутин Савин, Миљенко Прохаска, Душан Радиќ и Бојан Адамич.

Од нив, за најголем број филмови има напишано Т. Прошев (за 3 филма, сите во втората половина на 60-те години), додека Т.Зографски и К.Македонски имаат напишано музика за по два филма.

Покрај нив, во музиката за македонскиот игран филм од овој период, се споменува и Алексaндар Џамбазов. Имено, од постоечката документација, дознаваме дека за музиката во првата македонска комедија „Мирно лето“, во најтесниот избор биле токму Џамбазов и Тома Прошев, но сепак, на крајот, конечниот избор бил Драгутин Савин. Покрај тоа, името на Џамбазов е поврзано и со филмот „Мементо“ - рапсодијата за пијано и оркестар „Рапсодија за Скопје“, како што вели самиот Џамбазов, „... претставуваше инспирација за режисерот Димитрие Османли, врз основа на која го сними филмот „Мементо“...“ (од интервјуто со Александар Џамбазов). Во овој филм, „Рапсодијата за Скопје“, која всушност претставува музичка содржина на една од главните оски на филмското дејствие (концертот во рамките на „Денови на солидарноста“), не е прикажано целосно во својата интегрална верзија, но сепак, режисерот Османли функционално го сместува во филмската приказна, со доволен

број на фрагменти, преку кои може да се почувствува неговиот карактер. Покрај „Рапсодија за Скопје “, Џамбазов за овој филм напишал и три други нумери, кои се дел од диегетските сцени.

**Табела бр. 2**

| **Филм** | **Год.** | **Режисер** | **Композитор** |
|---|---|---|---|
| „Мирно лето“ | 1961 | Д. Османли | Д. Савин |
| „Солунските атентатори“ | 1961 | Ж. Митровиќ | Д. Радиќ |
| „Под исто небо“ | 1964 | Љ. Георгиевски | Т. Зографски |
| „Денови на искушение“ | 1965 | Б. Гапо | Т.Зографски |
| „До победата и по неа“ | 1966 | Ж. Митровиќ | М. Прохаска |
| „Каде по дождот“ | 1967 | В.Слијепчевиќ | Т. Прошев |
| „Македонска крвава свадба“ | 1967 | Т. Попов | К. Македонски |
| „Мементо“ | 1967 | Д. Османли | Б. Адамич |
| „Планината на гневот“ | 1968 | Љ. Георгиевски | Т. Прошев |
| „Време без војна“ | 1969 | Б.Гапо | Т. Прошев |
| „Републиката во пламен“ | 1969 | Љ. Георгиевски | Т.Прошев |
| „Цената на градот“ | 1970 | Љ. Георгиевски | К. Македонски |

Но, иако поголемиот број филмови се со музика напишана од македонски композитори, може да се забележи дека бројот на ангажираните странски композитори (вкупно 4, или 57 %), е поголем во однос на домашните (вкупно 3, или 43 %).

### 3. **Музика за играни филмови снимени во 70-тите години**

Во **70-те години**, снимени се вкупно 11 филмови, што е за еден помалку од претходната декада. Според жанровската определба, и овде, најзастапени се историските (3) и воените (3). Од останатите жанрови, социјалниот и психолошкиот се застапени со по 2 филма, додека еден е со слободна тема. Важен податок за развојот на македонската кинематографија е фактот дека десет од вкупно единаесет филмови во оваа декада се режирани од македонски режисери.

**Табела бр. 3**

| Филм | Год. | Режисер | Композитор |
|---|---|---|---|
| „Жед“ | 1971 | Д. Османли | Т. Прокопиев |
| „Македонски дел од пеколот“ | 1971 | М. Ватрослав | Архивска музика |
| „Црно семе“ | 1971 | К. Ценевски | / |
| „Истрел“ | 1972 | Б. Гапо | К. Ковач |
| „Татко (колнати сме Ирина)“ | 1973 | К. Ангеловски | Т. Зографски |
| „Јад“ | 1975 | К. Ценевски | Архивска музика |
| „Најдолгиот пат“ | 1976 | Б. Гапо | Т. Зографски |
| „Исправи се Делфина“ | 1977 | А. Ѓурчинов | С. Димитров |
| „Пресуда“ | 1977 | Т. Попов | Т.Зографски |
| „Време, води“ | 1980 | Б. Гапо | Р. Аврамовски |
| „Оловна бригада“ | 1980 | К. Ценевски | И. Пејовски |

Во оваа декада, доминантно е присуството на домашните композитори. Од единаесет филма, за седум музиката ја напишале македонски композитори - Трајко Прокопиев, Томислав Зографски, Славе Димитров (1946), Ристо Аврамовски (1943 - 2007) и Илија Пејовски (1947), додека само еден е странски - Корнелие Ковач (1942). Исто така, два филма немаат композитор, бидејќи музиката за нив, претставува комбинација од архивски материјал („Македонски дел од пеколот“ и „Јад“), додека еден филм - „Црно семе“, воопшто нема музика, што претставува прва ваква појава од почетокот на македонскиот игран филм.

Како што беше кажано, до оваа декада, Т.Прокопиев и Т.Зографски веќе имаат пишувано за игран филм, додека Сл.Димитров, Р.Аврамовски и И.Пејовски, за прв пат творат за овој жанр. Од сите нив, најзастапен е Т.Зографски, додека другите имаат компонирано само за по еден. Воедно, „Исправи се Делфина“ и „Време, води“ се и единствените играни филмови за кои пишувале Сл. Димитров и Р. Аврамовски.

Во поглед на стилската определеност, може да се констатира дека композиторите го негуваат современиот музички израз, вешто посегнувајќи и по музичкиот фолкор. Во тој поглед, може да се издвои музиката на Т.Зографски во „Татко“, која е доста економично и одмерено употребена (покрива само 19,01 % од вкупното времетраење на филмот), а која истовремено,претставува рамноправен сегмент на сликата (од интервјуто со Коле Ангеловски). За музиката во „Татко“, во 1973 г., Т.Зографски ја добива „Златната арена“ на Филмскиот фестивал во Пула.

Од оваа декада, а и воопшто, од целокупната македонска филмска музика, како една од најпопуларните помеѓу публиката, може да се

издвои музиката за филмот „Исправи се Делфина". Имено, за овој филм, композиторот Сл.Димитров ги напишал песните „Делфина" и „Каде песно моја", кои денес се вбројуваат во редот на најпопуларните македонските евергрини.

4. **Музика за играни филмови снимени во 80-тите години**

Овие години се карактеризираат со значително помал број на реализирани филмски остварувања во поглед на претходните две декади - снимени се само седум играни филма (исто како и во 50-те години). Но, она што може да се подвлече и што претставува чекор понапред во процесот на создавање домашна филмска музика, претставува фактот дека за сите седум филма, музиката е напишана од македонски композитори. Во овој период, прв пат за игран филм пишува и композиторот Љупчо Константинов (1946), кој со целокупниот свој ангажман во областа на филмската уметност, претставува композитор кој напишал музика за најголем број играни филмови (10). Неговото присуство е најмногу изразено во 80-те години, каде од седум филма, Константинов ја потпишува музиката за пет, постепено градејќи свој препознатлив музички израз, кој што успешно го вклопува во различните жанровски определби на филмските приказни, истворемено оставајќи подеднакво сугестивен авторски печат во секој од нив, почнувајќи од „Црвениот коњ" на Столе Попов, преку „Јужна патека" и „Нели ти реков" на Стево Црвенковски, па се до „Хај - фај" на Владимир Блажевски, Сепак, највпечатлив е во „Среќна нова 49", каде што меѓу другото, „...неговата лирска оркестрација успева да се слее во неискажаните чувства на главните протагонисти" (Чепинчиќ; 1999: 223), а за кој ја добива и Златната арена на филмскиот фестивал во Пула во 1986 година.

За останатите два филма, музиката ја пишуваат Илија Пејовски, во веќе традиционална соработка со Кирил Ценевски („Јазол") и Димитрие Бужаровски (1952), во соработка со Коле Ангеловски, во „Викенд на мртовци".

**Табела бр. 4**

| **Филм** | **Год.** | **Режисер** | **Композитор** |
|---|---|---|---|
| „Црвениот коњ" | 1981 | С. Попов | Љ. Константинов |
| „Јужна патека" | 1982 | С.Црвенковски | Љ. Константинов |
| „Нели ти реков" | 1984 | С. Црвенковски | Љ. Константинов |
| „Јазол" | 1985 | К. Ценевски | И. Пејовски |
| „Среќна нова 49" | 1986 | С. Попов | Љ.Константинов |
| „Хај - фај" | 1987 | В.Блажевски | Љ. Константинов |
| „Викенд на мртовци" | 1988 | К. Ангеловски | Д.Бужаровски |

## 5. Музика за играни филмови снимени во 90-тите години

90-те години, со вкупно 14 играни филма, претставуваат доста плоден период во историјата на македонската кинематографија. Гледано од аспект на изборот на филмска тематика, како и воопшто, на режисерските видувања на филмот како уметност, споредбено со претходните децении, македонскиот игран филм бележи суштински промени. Секако, главна причина за тоа е појавата на новите режисерски имиња, као што се Дарко Митревски, Срѓан Јанакиевиќ, Александар Поповски, Милчо Манчевски, Ербил Алтанај, Атонио Митриќески, Александар Станковски и Иван Митевски, кои го воведуваат новиот уметнички бран, наспроти веќе докажаните Столе Попов, Бранко Гапо и Димитрие Османли. Како што може да се забележи, станува збор за комплетна поставка на македонски режисери, со исклучок на Горан Паскаљевиќ.

90-те години презентираат и различно видување на филмската музика. Помеѓу другото, тоа се огледува во целосното напуштање на концептот на употреба на симфониските оркестри, давајќи им предност на помалите инструментални состави, со посебен акцент на употреба на семплери и синтисајзери, но и во начинот на употреба на музичкиот фолклор, при што истиот е презентиран во комбинација на традиционални и електронски инструменти. Во поглед на композиторската понуда, може да се извлече паралела со режисерската. Покрај Љупчо Константинов и Илија Пејовски, кои што веќе се имаат докажано во создавањето музика за филм, за првпат се појавуваат и други композитори, како што се Влатко Стефановски, Димитар Димовски, групата „Анастасија“, Ристо Вртев и FYROM EXPERIMENT. Покрај нив, се јавуваат само двајца странски композитори - Зоран Симјановиќ, кој што работи на музиката за филмот „Буре барут“, кој што пак, е единствениот филм потпишан од странски режисер и Ѓорѓе Замфир (румански музичар, изведувач на традиционална панова флејта), кој што се јавува како коавтор на музиката за филмот „Преку езерото“.

Како што може да се забеежи, исто како и во претходната декада, така и во 90-те, убедливо најдоминантно во однос на другите композитори, е присуството на Љупчо Константинов (од вкупно 14 филма, напишал музика за 5, што изнесува 35,7 % во однос на целокпуниот број), кој што соработува со постарите режисери, како Столе Попов („Тетовирање“), Бранко Гапо („Македонска сага“), Димитрие Османли („Ангели на отпад“), но и со дебитантите Антонио Митриќески („Преку езерото“) и Иван Митевски („Време, живот“).

Од сите филмови, како најпопуларни меѓу публиката се издвојуваат темите од филмовите „Пред дождот“ (Анастасија), „Џипси меџик“

(Влатко Стефановски) и „Збогум на 20-от век“ (Ристо Вртев), кои и после прикажувањето на филмовите, продолжија да се емитуваат на медиумите.

**Табела бр. 5**

| Филм | Год. | Режисер | Композитор |
|---|---|---|---|
| „Тетовирање“ | 1991 | С. Попов | Љ. Константинов |
| „Македонска сага“ | 1993 | Б. Гапо | Љ.Константинов |
| „Светло сиво/Ѓавол во срцето“ | 1993 | Д.Митревски | И. Пејовски |
| „Светло сиво/Прекрасен свет“ | 1993 | С.Јанакиевиќ | Архивска музика |
| „Светло сиво/Птицата Урубу и девица“ | 1993 | А. Поповски | Д. Димовски |
| „Пред дождот“ | 1994 | М.Манчевски | Анастасија |
| „Ангели на отпад“ | 1995 | Д.Османли | Љ.Константинов |
| „Самоуништување“ | 1996 | Е. Алтанај | В.Стефановски |
| „Преку езерото“ | 1997 | А. Митриќески | Љ. Константинов; Ѓ. Замфир |
| „Џипси меџик“ | 1997 | С. Попов | В. Стефановски |
| „Буре барут“ | 1998 | Г. Паскаљевиќ | З. Симјановиќ |
| „Збогум на 20-от век“ | 1998 | Д. Митревски; А.Поповски | Р. Вртев |
| „Маклабас“ | 1998 | А. Станковски | FYROM EXPERIMENT |
| „Време, живот“ | 1999 | И. Митевски | Љ. Константинов |

## 6. Музика за играни филмови снимени во првите децении од 21.век

Во првата деценија од XXI век до 2012 година, се снимени вкупно 19 играни филма, што споредбено со целокупната продукција, претставува најплоден период од почетоците на македонскиот игран филм до денес, нудејќи широк спектар на филмски теми. Покрај Милчо Манчевски, Антонио Митриќески, Дарко Митревски и Владимир Блажевски, кои претходно веќе имаат реализирано играни филмови, се појавуваат и режисери кои за прв пат творат за македонската играна филмска продукција, како што се Слободан Деспотовски, Иван Павлов, Костадин Бонев, Иво Трајков, Светозар Ристевски, Теона Митевска, Сергеј Станојковски, Владо Цветановски, Игор Иванов - Изи и Сашо Павловски, што претставува најголема понуда на режисерски имиња до тогаш.

Во креирањето на музиката за филмовите, покрај групата „Анастасија“ и Зоран Спасовски, кои веќе пишувале музика за македонски игран филм, во оваа декада се појавуваат композитори кои за прв пат

создаваат за македонската филмска продукција, но и воопшто, за филмот како уметност. Иако, овој период може да се карактеризира со поизразено присуство на странски композитори, што најмногу се должи на фактот дека голем број од филмовите се реализирани во копродукција со други земји, сепак, застапеноста на македонските композитори е доминантна. Така, за дванаесет филма, музиката е напишана од македонски автори, од кои најзастапен е Кирил Џајковски (5), а покрај него, се јавуваат и Bei the Fish, Зоран Маџиров, Дуке Бојаџиев, Игор Василев-Новоградска, Александар Пејовски, „Фолтин“, и како што беше кажано погоре, „Анастасија“ и Зоран Спасовски.

**Табела бр. 6**

| **Филм** | **Год.** | **Режисер** | **Композитор** |
|---|---|---|---|
| „Одмазда“ | 2001 | С. Деспотовски | Б. Спенк |
| „Прашина“ | 2001 | М. Манчевски | К. Џајковски |
| „Судбината како стаорец“ | 2001 | И. Павлов | Б.Петков |
| „Подгревање на вчерашниот ручек“ | 2002 | К. Бонев | Н.Иванов |
| „Како лош сон“ | 2003 | А. Митриќески | Архивска |
| „Бал-кан-кан“ | 2004 | Д.Митревски | К. Џајковски |
| „Големата вода“ | 2004 | И.Трајков | К. Џајковски |
| „Илузија“ | 2004 | С. Ристевски | Bei the Fish |
| „Како убив светец“ | 2004 | Т. Митевска | O. Samouillan, Project ZLUST |
| „Контакт“ | 2005 | С. Станојковски | Peer Raben |
| „Тајната книга“ | 2006 | В.Цветановски | Анастасија |
| „Сенки“ | 2007 | М.Манчевски | К. Џајковски |
| „Јас сум од Титов Велес“ | 2007 | Т. Митевска | O. Samouillan |
| „Превртено“ | 2007 | И. Иванов - Изи | З. Спасовски |
| „Созерцание“ | 2009 | И.Трајков | З. Маџиров, Д. Бојаџиев |
| „Мајки“ | 2010 | М. Манчевски | И. Василев-Новоградска |
| „Панкот не е мртов“ | 2011 | В. Блажевски | А.Пејовски |
| „Ова не е американски филм“ | 2011 | С. Павловски | „Фолтин“ |
| „Трето полувреме“ | 2012 | Д. Митревски | К. Џајковски |

**Заклучок**

Според изнесените податоци, можеме да констатираме дека во создавањето на музиката за македонските играни филмови, почнувајќи од првиот филм „Фросина", па се до денес, учествувале голем број на композиторски имиња, чија што музика забележува позитивен одглас во стручната, но и пошироката јавност.

- Од вкупно 70 снимени филма, за 47, музиката ја напишале македонски автори, што изнесува 67,1%, во однос на целокупниот број.
- Авторите може да ги поделиме во две групи: индивидуалци (вкупно 18) и групи (вкупно 4).
- Најзастапен македонски композитор е Љупчо Константинов, кој што напишал музика за вкупно 10 играни филма. Потоа следуваат Томислав Зографски и Кирил Џајковски, со по 5 филма; Трајко Прокопиев, Тома Прошев и Илија Пејовски со по 3 филма; Влатко Стефановски и „Анастасија" со по два; додека останатите се застапени во по еден игран филм.
- Во почетоците, присуството на македонските композитори е минимално, наспроти доминацијата на странските композитори. Со текот на развојот на филмската продукција, настанува пресврт, па така, домашните композитори се се повеќе застапени во создавањето музика за македонските играни филмови, што пак, најмногу доаѓа до израз во 70-те, 80-те и 90-те години од минатиот век. Во првата деценија од XXI век, повторно се актуелизира ангажирањето на странски композитори, што најмногу може да се препише на фактот дека дел од филмовите се реализирани во копродукција со други земји. Но, сепак, и во овој период, иако е релативно намалено, присуството на домашните автори е подоминантно.

**Користена литература:**

Голабовски, С. (1999). *Историја на македонската музика*. Скопје: Просветно дело

Бужаровски, Д. (1991). Кон спецификите на музиката за филм – музиката на Трајко Прокопиев во филмот „Фросина" како повод за едно пошироко размислување за релацијата музика - филм. реферат од *Симпозиумот посветен на играниот филм „Фросина*", одржан на 23 мај 1989 година. Скопје: Кинотека на Македонија

Петрушева, И. (2012) *Трајче Попов*. Скопје: Кинотека на Македонија

Прошев, Т. (2001). *Музиката во „Мирно лето“*. (реферат од симпозиумот посветен на играниот филм „Мирно лето“, одржан на 16 и 17 април 1991 година). Скопје: Кинотека на Македонија

Чепинчиќ, М. (1999). *Македонскиот игран филм, Книга втора*. Скопје: Кинотека на Македонија

Чепинчиќ, М. (1992). *Македонскиот игран филм, Книга прва*. Скопје: Кинотека на Македонија

Интервју со композиторот Славе Димитров, направено на 11.02.2013 година

Интервју со режисерот Коле Ангеловски, направено на 13.02.2013 година

Интервју со композиторот Александар Џамбазов, направено на 20.02.2013 година